Мониторинг извештај

# ПРЕГЛЕД НА ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

*Петто издание*

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# Мониторинг извештај

# Преглед на политики и практики во борбата против трговија со луѓе

*Петто издание*

*2022-2023*

# МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ: ПРЕГЛЕД НА ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

*ПЕТТО ИЗДАНИЕ 2022-2023*

Издавач: Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена порта-Ла Страда

Автори:

Марија Тодоровска

Ивана Кекева

Билјана Јовановска

Цветанка Камчева Златева

Голема благодарност до Билјана Лубаровска и Зоран Стојанов, кои обезбедија експертска поддршка во содржината, детална проверка на податоците, методологијата и препораки за подобрување на наодите и заклучоците. Покрај тоа, во изминатиот период активно придонесоа во ревидирањето на мониторинг индикаторите, нивното тестирање и практична употреба. Нивниот ангажман ја зајакна веродостојноста на извештајот и овозможи поефикасно искористување на мониторинг алатката.

Превод: СВЕТРА ДООЕЛ

Графичко уредување: 2by4 Digital

декември 2024

Овој мониторинг извештај е подготвен во рамките на проектот ,,Слушнете го гласот на тргуваните лица и борете се против организираниот криминал", финансиран од Европската Унија. Содржината на овој извештај е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

Кратенки ..... 5
Список на табели ..... 6
Поими ..... 7
Извршно резиме ..... 8
Вовед ..... 10
Нови трендови во трговијата со луѓе ..... 11
Напредок ..... 12
I. Промени во законодавството и политиката ..... 12
II. Клучни правни празнини ..... 13
III. Идентификација на жртви на трговија со луѓе ..... 14
IV. Истрага и судска постапка ..... 18
V. Помош и поддршка на жртвите ..... 20
VI. Заштита на жртвите ..... 24
VII. Обештетување ..... 26
VIII. Институционална рамка и соработка ..... 28
IX. Заклучоци ..... 31
X. Препораки ..... 33
XI. Прилог ..... 36

# Кратенки

| | |
|---|---|
| БПП | Бесплатна правна помош |
| ГО | Граѓански организации |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| МТСП | Министерството за труд и социјална политика |
| МВР | Министерството за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| НВО | Невладини организации |
| НЕСКМТЛ /ЕТЛКМ | Национална единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе /Единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти |
| НМУ | Национален механизам за упатување |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СОП | Стандардни оперативни процедури |
| ЦСР | Центар за социјална работа |
| ЖТЛ | Жртви на трговија со луѓе |

# Список на табели


Табела 1: Индикатори за идентификација

Табела 2: Идентификувани жртви во 2023 година

Табела 3: Идентификувани жртви во 2022 година

Табела 4: Индикатори за истрага и судска постапка

Табела 5: Примени предмети по различни основи во 2022 и 2023 година

Табела 6: Решени предмети по различни основи во 2022 и 2023 година

Табела 7: Правосилни предмети по различни основи во 2022 и 2023 година

Табела 8: Вид процесирана одлука за лице во 2023 година

Табела 9: Индикатори за помош и поддршка

Табела 10: Помош и поддршка на жртви во 2022 година

Табела 11: Помош и поддршка на жртви во 2023 година

Табела 12: Индикатори за заштита

Табела 13: Поднесени и одбиени барања за дозвола за престој во 2022 и 2023 година

Табела 14: Индикатори за обештетување

Табела 15: Барања за надомест

Табела 16: Добиени обештетувања од државен фонд

Табела 17: Индикатори за институционалната рамка и соработка

Табела 18: Број на вработени оспособени да работат со жртви на трговија со луѓе согласно со СОП во 2022 година

# Поими

Во Стандардните оперативни процедури (СОП) **потенцијална жртва на трговија со луѓе**[1] се дефинира како лице за кое, врз основа на ранливоста и околностите во кои се наоѓа, постојат показатели дека е жртва на трговија со луѓе, но неговата/нејзината целосна идентификација сè уште не е завршена или лицето одбива да биде формално идентификувано како жртва. Според овие процедури, потенцијалните жртви често се во ситуација каде што недостасува елементот на присилба или не постојат доволно докази, па со индиректни индикатори се врши идентификација на овие лица. Потенцијалните жртви треба да имаат исти права и третман како и формално идентификуваните жртви на трговија со луѓе.

Според  ревидираните СОП од 2023 се воведува терминот претпоставена жртва на трговија со луѓе/дете што  подразбира лице кај кое не постојат директни индикатори кои упатуваат на постоење на елементи од кривичното дело за трговија со луѓе и дете,  но формална идентификација сè уште не е завршена или лицето одбива да биде идентификувано како жртва.

Жртва на трговија со луѓе/деца: подразбира жртва на кривично дело – Трговија со луѓе според член 418-а, и 418-г од КЗ. Во согласност со членот 122, став 22 од КЗ, каде што под жртва на кривично дело се подразбира секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни права и слободи како последица на сторено кривично дело.

1 Отворена Порта, (2020), Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе

# Извршно резиме

Овој извештај ги презентира клучните наоди од анализата на собраните податоци врз основа на индикатори кои се поделени во седум области: промени во законодавството и политиката, идентификација на жртви, истрага и судска постапка, поддршка на жртвите, заштита, обештетување и институционална рамка и соработка.

Во изминатиот период, донесени се значајни **законски и подзаконски измени**, како Законот за паричен надоместок на жртвите на криминал и дополнувањата на Кривичниот законик, кои го опфаќаат демнење и сексуалното вознемирување. Покрај тоа, изработени се нови акциски и оперативни планови, ревидирани стандарди за постапување со жртви на трговија со луѓе, и зајакната е институционалната соработка преку меморандуми и нови процедури за заштита и поддршка на жртвите.

Во 2022 и 2023 година не се преземени мерки за надминување на **правните пречки** кои го ограничуваат пристапот на жртвите на трговија со луѓе до бесплатна правна помош, здравствена заштита и програми за реинтеграција. Недостатокот на јасна законска регулатива, финансиски средства и технички капацитети продолжува да го спречува остварувањето на основните права и поддршката за жртвите.

Во 2023 година, бројот на **идентификувани жртви** на трговија со луѓе се намали во споредба со 2022 година, но и понатаму има висок процент на деца и ранливи групи. Гевгелија е регион со најголем број претпоставени жртви.

Во 2023 година, најголемиот дел од процесирани одлуки за трговија со луѓе се казни затвор и конфискација на имот. Ограничениот пристап до податоци за истраги и судски постапки влијае на подетална евалуација на **правосудниот систем**.

Во однос на **помош и поддршка**, државата ги зголемила средствата за помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе, но и понатаму поголемиот дел од финансиите доаѓаат од меѓународни донатори. Постои недостатокот на финансирање од општините за обезбедување целосна поддршка и реинтеграција на жртвите на локално ниво. Ограничен број на жртви добиле сместување и психолошка поддршка, а дел се соочиле со недостаток на напредок во образованието и вработување, како и пристап до стручните обуки и здравствени услуги по напуштање на Центарот. Недовербата на жртвите во процесот на поддршка и недоволната свест за нивните права дополнително ги отежнува напорите за нивна реинтеграција.

Во 2022 и 2023 година, нема жртви на трговија со луѓе кои добиле **правна помош** во предистражната постапка, ниту поднесени барања за бесплатна правна помош. Жртвите најчесто не доаѓаат во контакт со судија во претходна постапка, а првиот исказ го даваат во просториите на ОЈОГОКК, без можност самите да побараат процесна заштита. Малиот број на поднесени барања за дозвола за престој на странски жртви сугерира на можни бариери во нивната идентификација. Повратните информации од жртвите покажуваат дека институциите, организациите и медиумите активно ги почитуваат нивните права и приватност.

Мал број на жртви на трговија со луѓе поднеле барање за **обештетување**, а повеќето од нив биле упатени на граѓанска постапка, наместо да добијат одлука за обештетување во рамките на кривичната постапка. Недостигаат податоци за просечната сума на обештетување доделена на жртвите. Програмата за обештетување од државни фондови, односно постоечката програма на Министерството за правда за обештетување на деца жртви на насилство има ограничена ефективност, со ниска искористеност.

Значителен број професионалци биле **обучени** за работа со жртви на трговија со луѓе, што укажува на напорите за јакнење на институционалните капацитети. Навремениот одговор на барањата од Отворена порта кон државните институции за поддршка на потенцијалните жртви покажува позитивна и ефективна соработка.

**Препораки**

- Да се воспостават унифицирани стандарди и протоколи за собирање и размена на податоци преку заеднички индикатори и дефиниции за сите институции и организации.
- Да се создаде јасна и сеопфатна законска рамка која ќе елиминира правните пречки за пристап на жртвите до бесплатна правна помош, здравствена заштита и реинтеграција.
- Да се формира централна координативна структура за собирање, верификација и систематизација на податоци за идентификација на жртви од различни извори.
- Да се зајакнат капацитетите за идентификација на трговија со луѓе и развој на таргетирани програми за деца и ранливи групи.

- Да се воспостават механизми за споделување на податоци за истрагите и судските постапки за трговија со луѓе.
- Да се обезбеди одржливо финансирање на услугите за помош и поддршка на жртвите, со намалување на зависноста од меѓународни донатори.
- Да се обезбеди континуирано психолошко советување и развој на долгорочни програми за стручно оспособување и вработување на жртвите.
- Да се спроведат информативни кампањи за јакнење на довербата на жртвите и за подигање на свеста за нивните права.
- Да се обезбеди континуиран пристап до бесплатни здравствени услуги за жртвите по напуштањето на Центарот за жртви.
- Да се осигура правна помош за жртвите на трговија со луѓе и да се зајакне координацијата помеѓу судиите, обвинителите и организациите со цел подобра процесна заштита.
- Да се развијат стратегии за зголемување на бројот на жртви кои поднесуваат барање за обештетување и за зголемување на искористеноста на програмата за обештетување од државни фондови.
- Да се продолжи со јакнење на мултидисциплинарниот пристап преку заеднички обуки за подобрување на ефикасноста во идентификацијата на жртвите.

# Вовед

Процесот на воспоставување механизам за следење на спроведувањето на политиките и законите во пракса започна во 2023 година. Целта е да се создаде механизам за прибирање на податоци врз основа на кој ќе се изработува годишен национален извештај за напредокот во борбата против трговијата со луѓе.

Првично, беа адаптирани индикаторите од „Прирачникот за мониторинг и евалуација на политиките за превенција на трговијата со луѓе". Во рамките на овој процес, се организираа три работни состаноци на кои учествуваа 40 професионалци, вклучувајќи членови на мобилниот тим за идентификација, социјални работници, инспектори, претставници од НВО, судии, Националниот известувач за трговија со луѓе, Националната комисија и други засегнати страни. Овие состаноци придонесоа за подобрување на индикаторите за следење, како и за зајакнување на координацијата.

Врз основа на препораките од состаноците, беше финализирана листата со триесет и три клучни индикатори, поделени во седум области: промени во законодавството и политиката, идентификација на жртви, истрага и судска постапка, поддршка на жртвите, заштита, обештетување и институционална рамка и соработка.

Во 2024 година, индикаторите беа тестирани преку консултации со професионалци и испратени до релевантни институции за прибирање на податоци. Овој извештај ги презентира наодите од анализата на собраните податоци.

# Нови трендови во трговијата со луѓе

Во изминатите две години, трговијата со луѓе продолжува да претставува сериозен проблем во Северна Македонија, при што жртви на експлоатација се како домашни, така и странски лица. Жените и девојките во земјата најчесто се жртви на сексуална експлоатација и принудна работа, особено во ресторани, барови и ноќни клубови.

Граѓани на Северна Македонија и странски жртви кои транзитираат низ земјата се изложени на трговија со луѓе со цел сексуална и трудова експлоатација, особено во градежниот и земјоделскиот сектор во Јужна, Централна и Западна Европа.

Децата Роми, пак, се меѓу најранливите категории, и често се експлоатирани преку принудно питачење и сексуална експлоатација и понекогаш во контекст на принудни бракови. Во голем број случаи, трговците со луѓе се лица блиски до жртвите, како роднини или пријатели. Особено во источните делови на земјата, се забележуваат бројни случаи на договорени и детски бракови и во голем дел од овие случаи, тие се малолетни, а одлуките за нивниот брак ги носат родителите.

Процесот на пронаоѓање и регрутирање жртви за сексуална и трудова експлоатација, вклучително и деца, сè повеќе се одвива преку новите форми на дигитална комуникација – социјалните мрежи, различни онлајн платформи и форуми. Оваа динамика создава сериозни предизвици за заштита и превенција, особено кај ранливите категории кои честопати се цел на вакви активности. Трговијата со луѓе сè почесто се извршува преку интернет, што дополнително загрижува, особено поради намалувањето на возрасната граница на жртвите. Жртвите најчесто се деца на возраст од 10 до 17 години. Криминалците се повеќе таргетираат групи кои најчесто користат интернет, но имаат најмалку информации за опасностите што демнат онлајн. Користењето на информациски комуникациски технологии (ИКТ) им овозможува на криминалците поголема анонимност и профитабилност. Тие најпрво воспоставуваат комуникација, преку лажни профили за да ја стекнат нивната доверба, излегуваат на средби во живо, а потоа продолжуваат со користење уцени и измами на најразлични начини. Најчесто тоа се случаи на сексуална експлоатација, но се врбуваат и за бракови и за трудова експлоатација. Наоѓањето клиенти, исто така, за користење на услугите од експлоатираните лица, се одвива онлајн.

Дополнително невладини организации алармираат дека децата со ментална и физичка попреченост се сè поизложени на ваква експлоатација. Мигрантите и бегалците кои патуваат или се криумчарат низ Северна Македонија, особено жените и децата без придружба, се под значителен ризик од трговија со луѓе.

# Напредок

## I. Промени во законодавството и политиката

### Законски и подзаконски промени

Во ноември 2022 година, Собранието на Северна Македонија го усвои Законот за паричен надоместок на жртвите на кривични дела со насилство, кој има за цел да обезбеди финансиска поддршка како почетна помош за жртвите и да спречи секундарна виктимизација. Законот стапи на сила во мај 2023 година и предвидува обесштетување за возрасни и деца, жртви на сериозни кривични дела, вклучувајќи трговија со луѓе, семејно насилство и родово базирано насилство. Максималниот износ за обесштетување е 5.000 евра, а услов за добивање надомест е пријавување на делото во полиција или јавно обвинителство. Жртвите имаат право на информираност за правата и постапката на јазик што го разбираат, заштита на личните податоци и право на жалба на одлуката за надомест. Вредно е да се спомене дека Отворена порта – Ла Страда имаше клучна улога во донесувањето на овој закон, преку застапување на правата на жртвите, обезбедување експертски препораки и активно учество во консултациите за креирање на законските одредби, со особено внимание на потребите на жртвите на трговија со луѓе.

Иако законот претставува значаен чекор напред, неговата имплементација се соочи со предизвици. До крајот на 2023 година, сè уште не беше создадена Комисијата за паричен надоместок, што го отежнува пристапот до надоместот за жртвите. Сепак , се подготвија предлог подзаконски акти, вклучувајќи деловник за работа на Комисијата и формулар за барање на надоместок, кои треба да помогнат во ефикасното спроведување на законот и во олеснување на пристапот на жртвите до правото на обесштетување.

Во 2023 година во Кривичниот законик[2] се вметнаа и кривичните дела демнење и сексуално вознемирување. Со нив се предвиде парична казна или затвор до три години за тој што демне. Казната е поголема ако ова дело го стори некој близок на жртвата, односно сегашен или поранешен интимен партнер, како и доколку делото е сторено кон дете, па во тој случај казната може да достигне и до пет години затвор. Со ваквите измени се санкционира и сексуалното вознемирување, со казна затвор до една година затвор. Доколку овие дејствија се сторени спрема лице што му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од дроги, бременост или тешки телесни или душевни пречки, предвидената казна е повисока и се движи од шест месеци до три години затвор.

Во периодот на известување  се донесоа повеќе подзаконски акти и протоколи за спроведување на Законот против насилство врз жени и семејно насилство. (за целосна листа на овие акти и протоколи види прилог)  Еден од протоколот за меѓусебна соработка за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е донесен согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Неговата цел е да обезбеди сеопфатен, ефикасен и координиран пристап во преземањето мерки за превенција, помош и заштита на жртвите. Протоколот ја уредува соработката меѓу надлежните институции за заштита на жртвите и санкционирање на сторителите. Иако не експлицитно споменато се однесува на разбирање на трговијата со жени како форма на родово базирано насилство. Ова подразбира прилагодување на мерките за заштита и превенција според специфичните потреби на жените, жртви на трговија.

### Планови, оперативни процедури и други акти

Во текот на 2023 година беше формирана работната група, составена од релевантни институции и организации како МВР, МТСП, обвинителството, Националниот известувач, ГО, итн. Беше изготвен **нов акционен план** кој ги преведува препораките на ГРЕТА во конкретни активности. Акцискиот план беше успешно усогласен со препораките, а беа развиени и индикатори за мерење на ефективноста на активностите.

Се изработи и  Оперативен план за борба против трговија со деца за периодот 2023-2025 година, во согласност со Националниот акциски план 2021-2025 година.

---

2 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на РСМ бр. 36/2023 од 17.02.2023

Во текот на 2023 година, беше извршено ревидирање и подобрување на стандардни оперативни процедури (СОП) за постапување со жртви на трговија со луѓе. Финализираните СОП беа усвоени од владата, што ја потврдува посветеноста на државата во борбата против трговијата со луѓе и во заштитата на правата на сите жртви. Клучни измени беа направени и со замената на терминот „потенцијална жртва“ со „претпоставена жртва,“ ревидирањето на обрасците по кои се постапува, како и внесувањето на формираниот Оперативен тим и неговата улога. Промената во СОП се однесува првенствено на мерка 6 за формална идентификација, каде што е утврдено дека статусот на жртва на трговија со луѓе (ЖТЛ) ќе се определува од Оперативниот тим на седница, врз основа на предлог од член на тимот и собрани релевантни информации според индикаторите за идентификација. Во оперативниот тим учествуваат претставници од НМУ/МТСП, НЕСКМТЛ/ЕТЛКМ, ОЈОГОКК и Отворена порта-Ла Страда како здруженија на граѓани, а постапката се спроведува согласно Деловникот за работа. Овие измени имаат за цел унапредување на ефикасноста и соодветноста на системот за идентификација и заштита на жртвите.

Во 2023 беше потпишан меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи (МВР) и Државен инспекторат за труд (ДИТ) со цел унапредување на соработката во спречувањето, откривањето и сузбивањето на кривичните дела поврзани со трговија со луѓе и трудова експлоатација, како и упатување на претпоставени жртви до надлежните институции.

Во согласност со Законот за социјална заштита, беше донесена Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги за привремен престој во која е вклучена и услугата за привремен престој на жртви на трговија со луѓе.

## II. Клучни правни празнини

Во 2022 и 2023 година не се преземени мерки за надминување на законските пречки кои оневозможуваат ефективно користење на правото на **бесплатна правна помош** и правната заштита на жртвите на трговија со луѓе во текот на кривичната постапка. Постојниот Закон за бесплатна правна помош, кој е на сила од 2019 година, не овозможува ефективен пристап до бесплатна (секундарна) правна помош за жртвите на трговија со луѓе, поради нејасното толкување на опсегот на Законот врз кривичната постапка. Законот предвидува одобрување секундарна правна помош во граѓанските и управните постапки, меѓутоа не и во однос на кривичната постапка, иако претходниот ЗБПП од 2009 година предвидуваше пристап до БПП за жртвите на трговија со луѓе во сите судски и управни постапки. Ваквата уреденост се должи на неприменливост на Законот за правни работи, со кој е предвидена бесплатна правна помош со посебни закони (чл.2). Врз основа на овие одредби, жртвите на трговија со луѓе се упатуваат на користење бесплатна правна помош согласно Законот за кривична постапка. Меѓутоа во завршните одредби на ЗБПП (чл. 49) стои дека останува на сила членот 8 од претходниот ЗБПП, кој воедно го регулираше правото на бесплатна правна помош на жртвите на трговија со луѓе во сите постапки, вклучително и во кривичната. Од друга страна, жртвите на трговија со луѓе не можат да го остварат правото на судско застапување ниту според Законот за кривична постапка, поради непрецизните законски одредби и пропустите на ниво на имплементација.

Според практичарите, не е доволно јасно дали **адвокатското застапување** е составен дел на правото на советник за жртвите на кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 4 години (чл. 53). За надминување на наведените недостатоци, согласно препораките на ГРЕТА, потребни се јасни законски предуслови за обезбедување ефективна правна помош за жртвите на трговија со луѓе веднаш штом има сознанија дека некое лице е жртва, независно од неговата одлука дали сака да соработува со властите и даде изјава во полиција.

Нема промена ниту во однос на законската регулатива за **здравствената заштита** на жртвите, која е уредена со Законот за социјална заштита и Законот за здравствено осигурување (член 5, став, точка 10). Со цел остварување на здравствена заштита согласно законските одредби, лицата жртви на трговија треба да бидат пријавени во Фондот за здравствено осигурување. За да можат жртвите да бидат ослободени и од плаќање на партиципација, покрај здравственото осигурување предвидено со двата погоре наведени закона, потребно е партиципацијата за здравствените услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита и болничко лекување за жртвите да се плаќа преку една од програмите на Министерството за здравство што се однесува за покривање на трошоци за партиципација (како на пример: Програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година). Доколку плаќањето на партиципацијата се реши на овој начин, ќе остане отворено само прашањето за плаќање на лекови кои се на позитивната листа на Фонд за здравствено осигурување, а се препишани од страна на матичен лекар, а за кои жртвите на трговија сега плаќаат одредена партиципација. Вредно е да се напомене дека досега нема пример на некоја здравствена програма што предвидува ослободување од партиципација за лекови за некоја група граѓани (осигурени).

**Програмата за помош и поддршка при реинтеграција** на жртвите на трговија со луѓе, која постои од 2014 година, **нема ефективна имплементација** во пракса поради не распределување на потребните финансиски и технички капацитети. Недостатокот на капацитети од страна на надлежните институции, а воедно и невклучувањето на ЕЛС во спроведувањето, исто така, придонесуваат за нефункционалноста.

**Невработеноста и проблемите со домувањето**, сериозно ја нарушуваат положбата на возрасните жртви на трговија со луѓе, поради фактичка неможност да ги остварат правата на вработување, домување и образование, кои се предвидени како основни елементи во реинтеграцијата во програмата за помош и поддршка. Законот за социјална заштита[3] во членот 62 не предвидува обезбедување на еднократна парична помош за итна заштита и згрижување на жртвите на трговија со луѓе.

## III. Идентификација на жртви на трговија со луѓе

Во овој дел од извештајот се прикажуваат индикатори насочени кон идентификација на жртви на трговија со луѓе. Првиот индикатор го претставува вкупниот број лица идентификувани како потенцијални и жртви на трговија со луѓе. Дополнително, бројот на случаи на трудова експлоатација и злоупотреба на детски труд, како и бројот на идентификувани потенцијални и формални жртви меѓу повратници, мигранти и други ранливи ќе обезбедат увид за моменталната состојба на жртви на трговија со луѓе.

Планот е индикаторите поврзани со идентификација на жртви на трговија со луѓе, да се изработат од податоци од следниве институции: Центарот за социјална работа (ЦСР), Министерството за внатрешни работи (МВР), Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Оперативен тим, трудова инспекција и граѓански организации. Но, за овој извештај анализата е изведена врз основа на податоци добиени од ЦСР, МВР гранична полиција, МТСП, национална комисија, Отворена порта и Оперативниот тим. Податоци од трудови инспектори не се добиени.

**Табела 1: Индикатори за идентификација**

| Индикатор | Извор на податоци | Дали се добиени податоци |
|---|---|---|
| 1. Вкупен број на лица идентификувани како потенцијални жртви на трговија со луѓе . | НМУ/МТСП/ ЦСР | Да |
| 2. Вкупен број на формално идентификувани жртви од страна на оперативниот тим. | НК ОТ | Да |
| 3. Процент на инспекции од страна на трудова инспекција за детектирање експлоатирачки облици на труд. | ДИТ | Не |
| 4. Број на идентификувани потенцијални и формални жртви на трговија со луѓе помеѓу повратници, мигранти, бегалци, баратели на азил и раселени лица | МВР | Да |
| 5. Број на лица од ранливи групи со ризик за трговија со луѓе | ГО | Да |

### Анализа на добиените податоци

Во однос на првиот индикатор за вкупен број на лица идентификувани како потенцијални жртви на трговија со луѓе податоците се добиени од Центрите за социјална работа и Националниот механизам за упатување. Врз основа на податоците добиени од Центрите за социјална работа, вкупен број на идентификувани лица во 2023 година е 27, од нив 23 претпоставени и 4 формални жртви на трговија со луѓе. Најголем број од нив се идентификувани во Гевгелија (17) од страна на ЦСР. Во односот на полот, 17 лица се од машки, а 10 се од женски пол. Најголем број од машките лица (16) се идентификувани во Гевгелија. Во однос на возраста, 17 се деца и

3 Службен весник на РСМ бр. 104, од 23.5.2019 година

10 возрасни. Едно од идентификуваните лица е лице со попреченост. Најголем број, се жртви на сексуална експлоатација (13) и трудова експлоатација (11), додека едно лице било жртва принудена на питачење.

**Табела 2: Идентификувани жртви во 2023 година**

| | Гевгелија | Скопје | Куманово | Кавадарци | Тетово | Велес | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификувани жртви | | | | | | | |
| Потенцијални | 17 | 3 | 2 | 0 | 1 | 0 | 23 |
| Формални | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 4 |
| **Вкупно** | **17** | **4** | **2** | **2** | **1** | **1** | **27** |
| Пол | | | | | | | |
| Машки | 16 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| Женски | 1 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 10 |
| **Вкупно** | **17** | **4** | **2** | **2** | **1** | **1** | **27** |
| Возраст | | | | | | | |
| Деца | 10 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 17 |
| Возрасни | 7 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 10 |
| **Вкупно** | **17** | **4** | **2** | **2** | **1** | **0** | **27** |
| Државјанство | | | | | | | |
| Македонско | 0 | 4 | 0 | 2 | 1 | 0 | 7 |
| Друго | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| **Вкупно** | **17** | **4** | **0** | **2** | **1** | **0** | **24** |
| Етничка припадност | | | | | | | |
| Македонец/ка | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 4 |
| Албанец/ка | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Ром/ка | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| Друго | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| **Вкупно** | **17** | **4** | **2** | **2** | **1** | **1** | **27** |

Вкупен број на идентификувани лица во 2022 година според податоците добиени од Центрите за социјална работа е 36, од нив 26 претпоставени и 10 формални жртви на трговија со луѓе. Најголем број од нив се идентификувани во Гевгелија (12) од страна на ЦСР. Во односот на полот, 13 лица се од машки, а 22 се од женски пол. Најголем број од машките лица (10) се идентификувани во Гевгелија. Возраста е позната за 28 лица, од нив 21 се деца и 7 се возрасни. Едно од идентификуваните лица е лице со попреченост. Најголем број, се жртви на сексуална експлоатација (13) и трудова експлоатација (12), и помал број се жртви принудени на присилен брак (5) и питачење (3).

**Табела 3: Идентификувани жртви во 2022 година**

| | Гевгелија | Тетово | Скопје | Куманово | Пробиштип | Прилеп | Кавадарци | Велес | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификувани жртви | | | | | | | | | |
| Претпоставени | 12 | 9 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 26 |
| Формални | 0 | 0 | 4 | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | 10 |
| **Вкупно** | **12** | **9** | **7** | **4** | **1** | **1** | **1** | **1** | **36** |
| Пол | | | | | | | | | |
| Машки | 10 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| Женски | 2 | 8 | 6 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 23 |
| **Вкупно** | **12** | **9** | **7** | **4** | 0 | 0 | 0 | **1** | **36** |
| Возраст | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Деца | 3 | 5 | 7 | 4 | 1 | 0 | 0 | 1 | 21 |
| Возрасни | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 7 |
| **Вкупно** | **4** | **9** | **7** | **4** | **1** | **1** | **1** | **1** | **36** |
| Државјанство | | | | | | | | | |
| Македонско | 1 | 9 | 7 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 24 |
| Друго | 11 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 |
| **Вкупно** | **12** | **9** | **7** | **4** | **1** | 1 | 1 | **1** | **36** |
| Етничка припадност | | | | | | | | | |
| Македонец/ка | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 7 |
| Албанец/ка | 1 | 5 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| Ром/ка | 0 | 0 | 6 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 11 |
| Друго | 11 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 12 |
| **Вкупно** | **12** | **9** | **7** | **4** | **1** | **1** | **1** | **1** | **36** |

Според податоците добиени од МТСП, во 2023 биле идентификувани 7 жртви на трговија со луѓе. Од нив 6 се деца и едно е возрасно лице. Сите 7 се македонски државјани. Според вид на експлоатација 5 биле жртви на сексуална експлоатација, 1 трудова експлоатација и едно лице било принудено на питачење. Според истиот извор, во 2023 година имало 9 претпоставени жртви на трговија со луѓе сите се 9 деца, од кои едно е од машки пол и 8 се од женски пол. Едно од претпоставени[4] жртви е странски државјанин.

Според податоците добиени од МТСП, во 2022 биле идентификувани 9 жртви на трговија со луѓе. Од нив 7 се деца и 2 возрасни лице. Од нив 7 се македонски, а 2 се странски државјани. Според вид на експлоатација 1 биле жртва на сексуална експлоатација, 6 се жртви на присилен брак, едно е жртва на онлајн сексуална експлоатација и едно лице е жртва на трговија со луѓе со цел отстранување на органи. Потенцијални жртви на трговија со луѓе биле 13 лица (8 деца), од кои 10 се од женски пол, а 3 од машки. Едно дете е идентификувано како потенцијална жртва помеѓу илегалните мигранти.

Според извештајот на Националната комисија, во текот на 2022 година, од страна на институциите и Оперативниот Тим задолжен за формална идентификација, идентификувани се 9 жртви на трговија со луѓе, од кои 8 женски и 1 машко лице. Најголем број од идентификуваните лица се деца (7), на возраст од 14-17 години и (2) полнолетни лица на возраст од 19 до 45 години. Од вкупниот број на идентификувани жртви, две се странски државјани идентификувани во РСМ (едно дете и едно возрасно лице). Едно дете државјанин на РСМ е идентификувано во странство (соседна држава). Останатите 6 жртви се внатрешно тргувани во рамки на РСМ. Во однос на националноста, најголем број се Роми (4), Македонци (3), Срби (1) и едно лице Пакистанец.

Според видот на експлоатација најзастапен е видот присилен брак со 6 лица, едно лице е идентификувано како жртва на сексуална експлоатација, едно лице е идентификувано како онлајн експлоатација/ преку интернет и едно лице е идентификувано како жртва на нелегално отстранување на органи.

Во 2022 година, мобилните тимови контактираа, информираа, и упатија вкупно 511 лица. Според пол, 243 беа мажи и 268 жени. Според државјанство, 432 се домашни и 79 странски државјани/ки. Од нив:

- 6 беа идентификувани како ЖТЛ, од нив 1 е маж и 5 жени. Според државјанство, 4 се домашни и 2 се странски државјани/ки.
- 87 беа идентификувани како потенцијални лица од ранливи категории, од нив се 38 мажи и 49 жени. Според државјанство, 60 се домашни и 27 се странски државјани/ки.
- 418 беа идентификувани како ранливи лица без ризик од трговија со луѓе, од нив 204 мажи и 214 жени. Според државјанство, 135 се домашни и 7 се странски државјани/ки.

Според извештајот на Национална комисија во 2023 година Мобилните тимови контактираа, информираа, и упатија вкупно 562 корисници. Во односот на полот, 302 лица се од машки, 260 се од женски пол. Во однос на државјанство, 434 се домашни и 128 се странски државјани/ки.

4 Види поими за претпоставени и потенцијални жртви.

Во 2023 година, Оперативниот Тим задолжен за формална идентификација на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе идентификуваше 7 жртви на трговија со луѓе.

- Според пол, 5 од женски и 2 машки пол.
- Според возраст, 6 деца, на возраст од 9-17 години и едно возрасно женско лице на 51 годишна возраст (кое според вешто лице е лице со попреченост во развојот и на ментална возраст од 8 години).
- Сите државјани на РСМ.
- Според тип на експлоатација, за сексуална експлоатација 4 девојчиња и 1 возрасно лице со попреченост, и за трудова експлоатација 2 момчиња, вклучувајќи принудно питачење и комбинирано питачење со трудова експлоатација.

Вредно е да се напомене дека функционирањето на мобилните тимови е сè уште на основа на проект воден од меѓународната организација за миграција.

За третиот индикатор кој се однесува на Процент на инспекции од страна на трудова инспекција за детектирање експлоатирачки облици на труд, од Државниот трудов инспекторат не се доби одговор на доставеното барање.

Додека во однос на четвртиот индикатор од страна на МВР, Одделот за гранична работи и миграции, во 2022 година било идентификувано едно лице како претпоставена жртва на трговија со луѓе. Се работи за машко лице на возраст од 16 години со потекло од Ирак помеѓу ирегуларните мигранти. Во текот на 2023 година нема идентификувано лице како претпоставена жртва на трговија со луѓе помеѓу повратници, мигранти, бегалци, баратели на азил и раселени лица.

За петтиот индикатор податоците за бројот на лица од ранливи групи со ризик за трговија со луѓе, беа земени од анализата на СОС лијината за помош од трговија со луѓе, оперирана од страна на Отворена порта.

Во текот на 2022 година, бесплатната СОС линија за помош при трговија со луѓе (0800 11111 и 02 2 777 070) регистрираше вкупно 422 јавувања. Во текот на годината, преку СОС линијата беа пријавени пет случаи на можни жртви на трговија со луѓе, кои беа упатени до НЕСКМТЛ и Мобилните тимови за понатамошно преземање соодветни мерки и поддршка.

Во текот на 2023 година, на СОС линија се регистрирани вкупно 326 јавувања. Од нив, четири случаи со сомневање за трговија со луѓе беа пријавени и упатени до надлежните институции ЦСР, НЕСКМТЛ и Мобилните тимови, за понатамошно преземање соодветни мерки и поддршка.

## IV. Истрага и судска постапка

Во овој дел од извештајот ќе бидат анализирани индикатори поврзани со истрагата и судската постапка. Анализата ќе ги вклучува различните аспекти на истражувањето и кривичната постапка, како што се бројот на отворени истраги, учеството на јавен обвинител во процесот на собирање искази од потенцијални жртви, успешноста на соработката со жртвите, како и бројот на прекинати истраги поради недостиг на соработка. Дополнително, ќе се разгледа вкупниот број на лица против кои се покренати кривични постапки, бројот на осудени лица за трговија со луѓе и процентите на преквалификација на кривични дела во и од трговија со луѓе, што ќе помогне да се оцени ефективноста на правосудниот систем и да се укажат на области кои можат да се подобрат за поефикасна борба против ова кривично дело.

Планот е индикаторите поврзани со истрага и судска постапка, да се изработат од податоци од следниве институции: ЦСР, МВР, судови и јавни обвинителства. Но, за овој извештај анализата е изведена врз основа на податоци добиени од судовите.

**Табела 4: Индикатори за истрага и судска постапка**

| Индикатор | Извор на податоци | Дали се добиени податоци |
|---|---|---|
| 1. Број на отворени истраги за трговија со луѓе/дете | МВР<br>ЈО | Не |
| 2. Просечен број на дадени искази/водени разговори со потенцијални жртви. | МВР<br>ЦСР<br>ЈО | Не |
| 3. Процент на дадени искази/водени разговори со потенцијални жртви во истрага, кои се водени во присуство на јавен обвинител. | МВР<br>ЈО | Не |
| 4. Број на истраги кои се прекинати поради тоа што жртвата одбила да соработува. | МВР<br>ЈО | Не |
| 5. Вкупен број на лица против кои е покрената кривична постапка по основ кривично дело трговија со луѓе/дете | МВР<br>Суд<br>ЈО | Суд -Да<br>ЈО - Не<br>МВР - Не |
| 6. Вкупен број на осудени лица за кривично дело трговија со луѓе. | Суд | Да |
| 7. Процент на кривични постапки за трговија со луѓе/деца преквалификувани во друг вид кривично дело. | Суд<br>ЈО | Суд - да<br>ЈО - не |
| 8. Процент на кривични постапки од други кривични дела кои се преквалификувани во трговија со луѓе или деца | Суд<br>ЈО | Суд - да<br>ЈО - не |

## Анализа на добиените податоци

Во следните три табели се претставени примени, решени и правосилни предмети во 2023 и 2022 година, поврзани со трговија со луѓе и тоа за следните кривични дела: трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти.

**Табела 5: Примени предмети по различни основи во 2022 и 2023 година**

| Основ | Трговија со малолетно лице | Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти | Трговија со луѓе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 7 | 4 | 0 | 11 |
| 2022 | 7 | 6 | 4 | 17 |

**Табела 6: Решени предмети по различни основи во 2022 и 2023 година**

| Основ | Трговија со малолетно лице | Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти | Трговија со луѓе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 6 | 12 | 3 | 21 |
| 2022 | 6 | 8 | 1 | 15 |

**Табела 7: Правосилни предмети по различни основи во 2022 и 2023 година**

| Основ | Трговија со малолетно лице | Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти | Трговија со луѓе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 8 | 19 | 3 | 30 |
| 2022 | 1 | 7 | 2 | 10 |

Од вкупниот број на процесирани одлуки за 2023 година, најголемиот број се казна затвор (19). Во 4 случаи има процесирани одлуки за конфискација на имот и имотна корист, а во 1 случај лицето добило условна осуда.

**Табела 8: Вид процесирана одлука за лице во 2023 година**

| | |
|---|---|
| Казна затвор | 19 |
| Конфискација на имот и имотна корист | 4 |
| Протерување странец од земјата | 4 |
| Не е докажано дека обвинетиот го сторил делото | 1 |
| Тужителот се откажал од обвинение | 1 |
| Условна осуда | 1 |
| Вкупно | 30 |

Во 2023 и 2022 година во ниту еден суд нема започнато постапка по други кривични дела која подоцна е преквалификувана по членовите 418а,418 в и 418 г од Кривичниот законик.

Во 2023 и 2022 година во ниту едно јавно обвинителство нема започнато постапка по други кривични дела која подоцна е преквалификувана по членовите 418а,418 в и 418 г од Кривичниот законик.

## V. Помош и поддршка на жртвите

Во овој дел од извештајот се анализираат индикаторите кои се однесуваат на помошта и поддршката за жртви на трговија со луѓе. Првиот индикатор го мери процентот на трошоци на граѓанските организации (ГОи) за помош и поддршка на жртвите на трговија, покриени од државниот буџет или со грантови од државни структури. Овој показател ја илустрира поддршката што државата ја обезбедува за ГОи како партнери во спроведувањето на услугите за заштита.

Дополнително, во анализата е вклучен бројот на идентификувани жртви на трговија со луѓе кои имале потреба од соодветно и безбедно сместување, како и бројот на оние на кои такво сместување навистина им било обезбедено. Овој податок е важен за процена на капацитетите на засолништата и нивната достапност.

Исто така, се разгледува и вкупниот број на потенцијални и формално идентификувани жртви кои добиле поддршка од психолог или друг специјалист за ментално здравје. Ова е критичен аспект за нивната рехабилитација и повторна интеграција во општеството. Понатаму, ќе се анализираат медицинските услуги што жртвите самостојно ги платиле, што дава увид во достапноста на бесплатна здравствена заштита за оваа ранлива група.

Последен индикатор опфаќа процент на жртви кои по идентификацијата останале надвор од образовниот систем, не посетувале стручно оспособување или не нашле вработување во период од три месеци. Оваа информација е значајна за оценка на нивната социјална и економска интеграција. Преку овие индикатори, се добива целосна слика за ефикасноста на поддршката и механизмите за заштита на жртвите на трговија со луѓе.

Во овој дел од извештајот, изворот на податоците за првиот индикатор се МТСП, ГО и општините. Вториот и третиот индикатор се засновани на податоци од ЦСР. Од вкупно 31 пратено барање, одговориле 21 ЦСР. Податоците за индикаторите 4, 5, 6 и 7 беа добиени преку интервју со вкупно 5 жени и девојчиња, самите жртви или преживеани од трговија со луѓе, за време на нивниот престој во Центарот за жртви на трговија, и професионалци и старатели

од ЦСР. Сепак, собирањето точни нумерички податоци за индикаторите 4, 5, 6 и 7 се покажа како предизвик.

**Табела 9: Индикатори за помош и поддршка**

| Индикатор | Извор на податоци | Дали се добиени податоци |
|---|---|---|
| 1. Процент на трошоци на ГОи кои се однесуваат на помош и поддршка на жртви на трговија (можни и формално потврдени) кои се покриени од државниот буџет или со помош на грантови од државни структури. | МТСП<br>Граѓански организации<br>Општини | Да |
| 2. Број на жртви на трговија со луѓе, идентификувани во текот на календарската година која се анализира, кои имале потреба и им било обезбедено соодветно и безбедно сместување. | ЦСР | Да |
| 3. Вкупниот број на потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе кои добиле помош од психолог или друг специјалист за ментално здравје. | ЦСР | Да |
| 4. Број на потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе кои не оделе на училиште, и/или не посетувале некој облик на сертифицирано стручно оспособување, и/или не биле вработени и после три месеци откако биле идентификувани. | Интервју со преживеани и со ЦСР | Да |
| 5. Број на медицински услуги кои жртвите ги платиле. | Интервју со преживеани и со ЦСР | Да |
| 6. Процент на потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе кои не го разбираат јазикот кој го зборуваат државните службеници и кои не ги добиле побараните преведувачки услуги во предистражна постапка. | Интервју со преживеани | Делумно |
| 7. Број на случаи каде потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе кои непосредно по првиот контакт со државните служби, не биле веднаш известени за релевантните постапки на јазик и начин на комуникација кој можат да ги разберат. | Интервју со преживеани | Да |

## Анализа на добиените податоци

Во однос на првиот индикатор, беа анализирани податоците за годишните трошоци на граѓанските организации за поддршка и помош на жртвите на трговија со луѓе. Отворена порта е единствената граѓанска организација во земјата која обезбедува директни услуги за жртви на трговија со луѓе и е лиценциран давател на услуги во Центарот за жртви на трговија со луѓе.

Во 2022 година, организацијата потрошила вкупно 6,852,328 денари за помош и поддршка на жртвите, од кои 844,294 денари, или 12.32% од вкупните трошоци, биле обезбедени од државниот буџет преку МТСП. Остатокот од трошоците бил покриен со поддршка од меѓународни донатори, без чија финансиска помош засолништето не би било оперативно. Во 2023 година, Отворена порта потрошила вкупно 6,349,256 денари. Од нив, според податоците добиени од МТСП, 2,655,072 денари, или 36% од вкупните трошоци на организацијата, биле обезбедени од МТСП, додека значителен дел од средствата повторно е покриен од меѓународната заедница.

Важно е да се напомене дека буџетските средства за 2022 година покриваат 6 месеци, согласно потпишаниот Управен договор помеѓу Отворена порта и МТСП. Буџетот е пресметан според методологијата за социјални услуги, со износ од 27,694 денари за месечно по корисник без режиски трошоци. Постои зголемувањето на износот и процентот на покриеност на трошоците за помош и поддршка во 2023 година, во споредба со 2022 година, која се должи на новите пресметки и зголемен износ од 31,994 денари месечно по корисник без

режиски трошоци, како и на подолгото траење на управниот договор, кој во 2023 година изнесува 12 месеци. Сепак, и во двете години, значителен дел од трошоците останува на товар на организацијата. Пресметката на исплата е по лице, оваа практика не ги покрива во целост трошоците за храна, облека, медикаменти и особено исплата на професионалците во центарот. Без разлика на бројот на сместени лица ангажирани се професионалците кои обезбедуваат 24 часовна поддршка во центарот.

Во однос годишното финансирање на програми за помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе на локално ниво индикаторот е изработен од податоци добиени од општините врз основа на испратени барања од јавен карактер. Од вкупно 57 општини до кои е доставено барањето имаа одговорено 33 општини. Ниту една општина нема конкретна распределба на буџетот или програми за помош на жртвите на трговија со луѓе или за поддршка на ГО и/или проекти на ова прашање.

Во 2022 година, од 36 лица жртви на трговија со луѓе (26 потенцијални и 10 формално идентификувани), 10 жртви имале потреба од соодветно сместување. Од нив на 8 им било обезбедено соодветно сместување. Вкупно 5 од жртвите добиле помош од психолог или друг специјалист за ментално здравје.

**Табела 10: Помош и поддршка на жртви во 2022 година**

| Индикатор | Скопје | Куманово | Прилеп |
|---|---|---|---|
| Број на жртви кои имале потреба од соодветно сместување | 6 | 3 | 1 |
| Број на жртви кои биле сместени | 4 | 3 | 1 |
| Број на жртви на трговија со луѓе кои добиле помош од психолог или друг специјалист за ментално здравје. | 4 | 0 | 1 |

Во 2023 година, од 27 лица жртви на трговија со луѓе (23 потенцијални и 4 формално идентификувани), 3 жртви имале потреба од соодветно сместување. Од нив 1 е сместена во соодветно сместување. Вкупно 3 потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе добиле помош од психолог или друг специјалист за ментално здравје.

**Табела 11: Помош и поддршка на жртви во 2023 година**

| Индикатор | Скопје | Кавадарци |
|---|---|---|
| Број на жртви кои имале потреба од соодветно сместување | 3 | 0 |
| Број на жртви кои биле сместени | 1 | 0 |
| Број на жртви на трговија со луѓе кои добиле помош од психолог или друг специјалист за ментално здравје. | 2 | 1 |

Од добиените податоци може да се заклучи дека ЦСР обезбедиле помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе на оние кои имале потреба да бидат сместени.

Психолошкото советување, кое е клучно во процесот на помош и поддршка и надминување на траумите, го добиле ограничен број на жртви. Преживеаните од трговија со луѓе дадоа информација дека за време на процесот на идентификација и заштита честопати имале недостаток на доверба дека нивната ситуација ќе биде разбрана. Не биле свесни за своите права и не биле запознаени со достапните ресурси за нивна помош и поддршка пред нивното сместување во ЦТЖЛ каде добивале континуирана поддршка.

Интервјуто со четворица професионалци кои директно работат на поддршка на жртви на трговија со луѓе покажа значителни предизвици во процесите на прибирање, управување и користење на податоци. Сите учесници се согласија дека институциите немаат доволно човечки и технички ресурси за ефективно да ја спроведат оваа задача. Во моментов не постои централизирана база на податоци која е достапна за користење, ниту пак е воспоставена институционална соработка што би овозможила систематизација на прибраните информации. Дополнително, беше истакнато дека ЦСР не води детална евиденција за жртвите, туку само

прибира информации во форма на бројки и случаи од ЦСР и од мобилните тимови. Сепак, тројца од учесниците објаснија дека како водители на случаи, тие самостојно создаваат и одржуваат свои бази на податоци кои вклучуваат демографски информации, социјална анамнеза и индивидуални планови за поддршка на жртвите во процесот на интеграција.

Интервјуата со старателите, исто така, ја истакнаа важноста од зајакнување на соработката со специјализираните граѓански организации. Овие организации обезбедуваат основни ресурси и услуги, вклучувајќи сместување, правна помош, психолошка поддршка и други форми на помош прилагодени на потребите на децата. Координацијата со Центарот за жртви на трговија со луѓе е подеднакво витална во спроведувањето на индивидуализирани планови за интервенција, бидејќи старателите играат постојана улога во следењето на напредокот и благосостојбата на детето.

Индикаторот 4 се однесува на бројот на потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе кои не посетувале училиште, не биле вклучени во некој облик на сертифицирано стручно оспособување или не биле вработени три месеци по нивната идентификација. Од фокус групата со преживеаните од трговија со луѓе добиени се  информации дека две биле вклучени во образовен процес, од кои едната била за прв пат вклучена во училиште за возрасни, додека пак другата го продолжила образованието во училиштето во кое претходно посетувала настава, по привремен прекин. Останатите три се соочиле со предизвици во однос на пролонгирање на нивно вклучување во формалното образование, поради немање на документи за лична идентификација, чекање од три месеци за почеток на учебната година, како и за  потреба за подолг временски период за стабилизација и рехабилитација.

Во однос на стручно оспособување, во текот на 2022 и 2023 година, две од преживеаните биле вклучени во стручни обуки за градење на вештини и оспособување за нивно потенцијално вклучување во пазарот на труд, прилагодени според нивните интереси и капацитети и обезбедени од страна на Отворена порта за време на нивниот престој во ЦЖТЛ. По напуштање на центарот не биле вклучени во друг облик на стручно оспособување.

Анализата на индикатор 5, кој го прикажува бројот на медицински услуги кои жртвите на трговија со луѓе ги платиле се однесува на неколку клучни аспекти од медицинската заштита. Овој индикатор се однесува на опсегот на медицински услуги кои жртвите сами ги платиле вклучувајќи:

- Хоспитализација - медицински процедури, операции или третмани за кои е потребен престој во болница.
- Медицински прегледи и консултации - посети на специјализирани лекари или терапевти.
- Терапии и рехабилитација - процедури за опоравување за повреди или болести.
- Лекови - трошоци за лекови или медицински помагала.
- Дијагностички тестови - лабораториски анализи, рендген, ултразвук и други дијагностички процедури.

Податоците кои се добиени преку интервјуата со преживеаните за време на нивниот престој во Центарот за жртви на трговија со луѓе открија дека им биле обезбедени бесплатни здравствени услуги, вклучувајќи прегледи и лекови. Меѓутоа, по напуштањето на ЦЖТЛ, морале сами да ги платат трошоците бидејќи не биле ослободени од партиципација за прегледи и лекови.

Иако некои жртви може да пристапат до бесплатни медицински услуги преку програми за помош обезбедени од ГО или државни институции, овие информации честопати не се пренесуваат ефективно. Следствено, многу жртви, особено оние во ранливи ситуации, не се свесни за расположливите ресурси и се соочуваат со финансиски оптоварувања при пристапот до основната здравствена заштита.

За индикаторот 6 , кој се однесува на процент на случаи каде потенцијални и  формално идентификувани жртви на трговија со луѓе кои не го разбираат јазикот кој го зборуваат државните службеници и кои не ги добиле побараните преведувачки услуги во предистражна постапка. Од интервјуата со преживеаните не се открија такви случаи бидејќи сите беа македонски државјани кои го зборуваат и го разбираат македонскиот јазик.

За индикаторот број 7 за бројот на оние кои непосредно по првиот контакт со државните служби, не биле веднаш известени за релевантните постапки на јазик и начин на комуникација кој можат да ги разберат се добиени следниве податоци.  Преживеаните во голем дел се изјаснија дека не ги разбрале во целост информациите за нивните права, која е постапката и кои услуги можат да ги користат. Во поголем број случаи потребна им била поддршка од стручно лице од Центарот. Преживеаните во постапката биле деца кои воопшто не биле вклучени во образование, припадници на етнички заедници и со попреченост во развој кои треба особено да се земат во предвид при прилагодување на начинот на комуникација.

# VI. Заштита на жртвите

Во овој дел од извештајот се прикажуваат индикатори насочени кон заштита на жртви на трговија со луѓе. Анализата ги вклучува различните аспекти во делот на заштита на жртвите на трговија со луѓе, вклучувајќи број на жртви на трговија со луѓе кои добиле правна помош, поднеле барање за бесплатна правна помош и барање за процесна заштита. Дополнително, ќе се разгледа делот на странски жртви на трговија со луѓе кои поднеле барање за дозвола за престој а истата не им била издадена, како и случаи на жртви на кои им бил разоткриен идентитетот и приватноста на било кој начин, вклучително и оние кои поднеле барања за заштита на идентитет и оние кои не поднеле такви барања.

Планот е индикаторите поврзани со заштита, да се изработат од податоци од: Министерство за правда (МП), Оддел за гранични работи и миграции при Министерството за внатрешни работи (МВР), Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) и жртвите на трговија со луѓе (ЖТЛ). За овој извештај анализата е изведена врз основа на податоци добиени од горенаведените извори, со исклучок на Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) кои не доставија податоци.

**Табела 12: Индикатори за заштита**

| Индикатор | Извор на податоци | Дали се добиени податоци |
|---|---|---|
| 1. Број на жртви на трговија со луѓе кои добиле правна помош во предистражна постапка. | МП | Да |
| 2. Процент на барања за бесплатна правна помош и поддршка кои биле одбиени. | МП | Да |
| 3. Број на жртви на кои не им е издадена дозвола за престој. | МВР | Да |
| 4. Процент на поднесени барања за процесна заштита кои се позитивно одговорени. | ОЈОГОКК | Не |
| 5. Случаи на жртви чиј идентитет и приватност биле разоткриени. | ЖТЛ | Да |

## Анализа на добиените податоци

Во 2022 и 2023 година нема жртви на трговија со луѓе кои добиле правна помош во предистражна постапка и нема поднесени барања за бесплатна правна помош од жртви на трговија со луѓе до Министерството за правда. Правната помош за жртвите била обезбедена од граѓанските организации Отворена порта и МЗМП.

Во однос на дозволи за престој на странски жртви на трговија со луѓе, во 2022 и 2023 година поднесени се вкупно две барања и на двете е позитивно одговорено. Во 2022 година поднесено е едно барање за дозвола за престој кое е позитивно одговорено на жртва на трговија со луѓе преку присилен брак, од Србија, женски пол, на возраст од 17 години. Следствено, во 2023 година, исто така е поднесено едно барање и врз основа на истото издадена е една дозвола за престој на жртва на трговија со луѓе преку присилен брак, од Србија, женски пол, на возраст од 14 години.

**Табела 13: Поднесени и одбиени барања за дозвола за престој во 2022 и 2023 година**

| Година | Поднесени барања за дозвола за престој од жртви на трговија со луѓе | Жртви на трговија со луѓе на кои не им е издадена дозвола за престој |
|---|---|---|
| 2023 | 1 | 0 |
| 2022 | 1 | 0 |

За индикаторот број 4 за поднесени барања за процесна заштита кои се позитивно одговорени, не се добиени податоци од надлежната институција. Во недостаток на одговор од ОЈОГОКК, од досегашното искуство на Отворена порта и направените анализи, најчесто жртвите на трговија со луѓе не доаѓаат во контакт со судија на

претходна постапка и првиот исказ го даваат во просториите на ОЈОГОКК и немаат можност самите да побараат процесна заштита.

Во однос на заштита на идентитетот и приватноста, беа спроведени интервјуа со 5 жртви и преживеани на трговија со луѓе (2 возрасни и 3 деца) за да се утврди дали нивниот идентитет или приватност биле загрозени во кој било момент од процесот на нивната заштита. Добиените податоци потврдија дека такви случаи нема. Дополнително, интервјуата дадоа податоци за нивните искуства и перспективи во делот на мерките кои биле преземени. Жртвите потенцираа дека нивната доверливост се одржувала во сите фази од процесот на нивното закрепнување, нагласувајќи дека се чувствувале безбедно.

Во 2022 и 2023 година, немало пријавени случаи на изложеност на идентитет или приватност за време на правната постапка, каде што протоколите за доверливост гарантирале дека нивните лични податоци се заштитени.

Слично на тоа, жртвите кои биле сместени во Центарот за жртви на трговија со луѓе, ја истакнаа сигурната и безбедната средина за време на нивниот престој. Персоналот беше опишан како професионален и внимателен, обезбедувајќи дека чувствителните информации остануваат заштитени во секое време. Обезбедените услуги, вклучително и советување, правна помош и поддршка за реинтеграција, се придржуваа до строгите стандарди за приватност, зачувувајќи ја довербата меѓу жртвите и давателите на услуги.

Во случаите кои вклучуваат медиумски интерес, иако само мал дел, оние случаи кои биле медиумски прикажани истакнаа дека нивната анонимност е зачувана, а ниту еден идентитет не бил откриен јавно. Дополнително, во прегледот на медиумското покривање во земјата во текот на 2022 и 2023 година нема забележано случаи на медиумски објави кои ја нарушиле заштитата на жртвите со откривање на нивниот идентитет или лични податоци.

Сепак, вреди да се напомене дека во случаите на медиумско покривање, пронаоѓањето на странски државјани, особено на жени кои работат без работна дозвола како танчерки и келнерки во ноќни клубови, често се појавува во медиумите. Ваквите случаи бараат зголемено внимание, бидејќи овие приведени жени може да бидат жртви на трговија со луѓе.

## VII. Обештетување

Оваа анализа ги опфаќа податоците за користењето на правото на обештетување од страна на жртвите на трговија со луѓе, со посебен акцент на искористеноста на програмата за обештетување за деца жртви на насилство од Министерство за правда  која беше во функција до 2023 година, пред стапувањето на сила на Законот за паричен надоместок на жртви на кривични дела со насилство. Податоците се собираат и анализираат врз основа на извештаи од Министерството за правда за 2022 и 2023 година.

Анализата на податоците за поднесените барања и донесените пресуди за надомест на жртвите на трговија со луѓе според член 418-а и 418-г од Кривичниот законик е соочена со ограничувања поради недостаток на систематизирани податоци во судовите. Основниот проблем е што во Автоматизиран судски информациски систем (АКМИС системот) не се евидентираат специфични податоци за ваквите случаи. Поради овој недостаток, како алтернативен извор на податоци се користени годишните извештаи на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе за 2022 и 2023 година по однос на пресуди за обештетување и просечната исплатена сума.

**Табела 14: Индикатори за обештетување**

| Индикатор | Извор на податоци | Дали се добиени податоци |
|---|---|---|
| 1. Број на  жртви на трговија со луѓе кои поднеле барање за обештетување во кривичната или граѓанска постапка. | Кривичен суд<br>Граѓански суд | Да |
| 2. Број на барањата за обештетување кои биле поднесени во кривична постапка, но во текот на постапката биле упатени на граѓанска постапка | Кривичен суд | Не |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Просечна сума на обештетување која судот им ја доделувал на жртвите. | Кривичен суд<br>Граѓански суд | Не |
| 4. Број на жртви кои добиле обештетување од државни фондови . | Министерство за правда | Да |
| 5. Просечна сума на обештетување која е доделена од државни фондови за обештетување на жртви. | Министерство за правда | Да |

## Анализа на добиените податоци

Анализата на индикатор еден и два е направена врз основа на податоците од Националната Комисија. Според годишните извештаи на Националната Комисија за 2023 година, шест лица кои се идентификувани како оштетени, побарале обештетување. Од нив, на две лица им е досудено отштетно побарување, додека четири лица се упатени на граѓански спор. За 2022 година, три лица кои се идентификувани како оштетени, побарале обештетување, од кои на две лица им е досудено отштетно побарување, а едно лице е упатено на граѓански спор.

**Табела 15: Барања за надомест**

| Година | Број на жртви на трговија со луѓе кои поднеле барање за надомест во кривичната | Број на барањата за надомест кои биле поднесени во кривична постапка, но во текот на постапката биле упатени на граѓанска постапка |
|---|---|---|
| 2023 | 6 | 4 |
| 2022 | 3 | 1 |

Податоци за индикаторот кој се однесува на просечна сума на обештетување која судот им ја доделувал на жртвите не се доставени.

Во однос на број на жртви кои добиле обештетување од државни фондови и просечна сума на тоа обештетување, според Министерството за правда, во 2022 година не е доделено обештетување на ниту едно дете жртва на насилство, додека во 2023 година, обештетување е доделено на две лица. За првиот случај е исплатен износ од 556.666,00 денари, а за вториот случај, износ од 850.000,00 денари. Со тоа, просечната сума на исплата по лице изнесува 707.833 денари. Вкупниот буџет на програмата за обештетување изнесува 3.000.000,00 денари годишно.

**Табела 16: Добиени обештетувања од државен фонд**

| Година | Број на жртви кои добиле надомест од програмата за обештетување од државен фонд | Просечна сума на обештетување која е доделена од државен фонд за обештетување на жртви |
|---|---|---|
| 2023 | 2 | 707 833 денари |
| 2022 | 0 | 0 |

# VIII. Институционална рамка и соработка

Оваа област ја опфаќа институционалната рамка, поточно се фокусира на капацитетите кои ги поседуваат и капацитетите кои им се потребни на институциите за работењето со жртви како и со потенцијални жртви на трговија со луѓе, соработката на институциите со граѓанските организации и други држави. Во овој дел, постојат бројни индикатори кои го мерат капацитетот на системот за процесирање на случаи на трговија со луѓе, врз основа на процентот на професионалци кои поминале низ основна и напредна обука.

Анализата во овој дел ќе се фокусира на следење на обуките и подготовката на вработените кои работат со жртви на трговија со луѓе, како и на процената на потребите за дополнителна обука. Ќе се разгледа и пристапот кон деца кои се потенцијални или формално идентификувани жртви, и дали постојат услови за нивно безбедно интервјуирање. Дополнително, ќе се анализираат одговорите на државните институции на барањата од граѓански организации во врска со поддршката за жртвите, како и степенот на меѓународната соработка при истрагите на случаи на трговија со луѓе. Оваа анализа има за цел да обезбеди јасен преглед на моменталната состојба, идентификувајќи области за подобрување во системот на заштита и поддршка на жртвите на трговија со луѓе.

Анализа на овие индикатори е направен врз основа на секундарни извори на информации односно годишните извештаи на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и МВР како и од интервју и фокус групи со претставници од ЦСР, МВР, ГО и мобилните тимови.

**Табела 17: Индикатори за институционалната рамка и соработка**

| Индикатор | Извор на податоци | Дали се добиени податоци |
|---|---|---|
| 1. Број на вработени кои се оспособени да работат со жртви на трговија со луѓе согласно со стандардните оперативни процедури. | Годишен извештај на Национална Комисија | Делумно |
| 2. Потребен број на вработени кои треба да се оспособени да работат со жртви на трговија со луѓе согласно со стандардните оперативни процедури. | Интервју и фокус групи со ЦСР, НМУ, МВР, ДИТ. | Делумно |
| 3. Процент на деца потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе со кои е воден разговор/интервју во просторија наменета за работа со деца. | Интервју со ЦСР/МВР<br>Отворена порта | Да |
| 4. Број на барања од ГОи кон државните институции и служби во кои се бараат информации за поддршка на потенцијалните жртви на трговија, а за кои барања е испратен адекватен одговор во разумен временски рок. | Отворена порта | Да |
| 5. Број на истраги на случаи на трговија со луѓе кои биле спроведени во соработка со други држави. | Годишен извештај на МВР | Да |

## Анализа на добиените податоци

Во текот на 2022 година, според годишниот извештај на Националната Комисија биле обучени 892 професионалци од различни институции за работа со жртви на трговија со луѓе, според стандардните оперативни процедури. Од вкупниот број, 480 се жени (53.8%), а 412 се мажи (46.2%). Мора да имаме во предвид дека се земени опционални податоци зашто не секаде имаме точна бројка на професионалци од која институција доаѓаат и учествуваат на обуките.

**Табела 18: Број на вработени оспособени да работат со жртви на трговија со луѓе согласно со СОП во 2022 година**

| Институција/организација | **2022 година** | | |
|---|---|---|---|
| | **Пол** | | |
| | Машки | Женски | Вкупно |
| МВР | 98 | 36 | 134 |
| Претставници од судовите, адвокати и др. | 12 | 21 | 33 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 13 | 17 | 30 |
| МТСП, социјални работници | 7 | 17 | 24 |
| Здравствени работници | 9 | 25 | 34 |
| МОН ( образовен кадар, наставници педагози и др.) | 60 | 89 | 149 |
| Мултисекторски обуки (професионалци од разни институции) | 213 | 275 | 488 |
| Вкупно | 412 | 480 | 892 |

Обуките за полицајците се фокусирале на идентификација на жртвите, детекција на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти, како и на подобрување на оперативните процедури за справување со случаи на трговија со луѓе. Вклучени се и специјализирани обуки за паралелни истраги и меѓуинституционална соработка. За судиите и адвокатите обуките се насочени кон застапување на жртвите, правна поддршка и ефикасно водење на судски постапки. Дополнително, организирани се симулации на судски случаи за подобрување на капацитетите за гонење на сторителите. Обуките за социјални работници вклучуваат психосоцијална поддршка, ресоцијализација и постапување со деца-жртви на трговија со луѓе. Дополнително, нагласена е важноста на мултидисциплинарниот пристап во грижата за жртвите. Тренинг програмите за здравствени професионалци се насочени кон рана идентификација на жртвите, препознавање здравствени индикатори и упатување на претпоставени жртви кон релевантни институции. Особено е важен нивниот придонес во препознавање на трауми и обезбедување итна помош. Образовен кадар биле обучени за превенција на трговија со деца, препознавање ранливи групи и комуникација со деца-жртви. Обуките се прилагодени на професионалната улога на учесниците, обезбедувајќи специфични знаења и вештини за идентификација, поддршка и заштита на жртвите. Овој пристап ја зајакнува ефикасноста на мултидисциплинарните тимови и подобрува координацијата меѓу институциите.

**Табела 19: Број на вработени кои се оспособени да работат со жртви на трговија со луѓе согласно со СОП во 2023**

| Институција/организација | 2023 | | |
|---|---|---|---|
| | Пол | | |
| | Машки | Женски | Вкупно |
| МВР претставници на полиција | 74 | 30 | 104 |
| Претставници од судовите, адвокати и др. | / | / | 9 |
| Јавно обвинителство | / | / | 8 |
| МТСП, социјални работници | 1 | 7 | 8 |
| Здравствени работници | 10 | 40 | 50 |
| МОН ( образовен кадар, наставници педагози и др.) | / | / | / |
| Мултисекторски обуки (професионалци од разни институции) | / | / | 269 |
| Вкупно | 161 | 287 | 448 |

Во текот на 2023 година, според податоците, 448 професионалци биле обучени за работа со жртви на трговија со луѓе, од кои 287 се жени (64.1%), а 161 се мажи (35.9%). Обуките во 2023 година опфатија мултидисциплинарни активности насочени кон идентификација, заштита, и правна поддршка на жртви на трговија со луѓе, прилагодени на професионалните улоги на учесниците (полиција, здравствени работници, социјални работници, адвокати, и обвинители). Фокусот беше на симулациски тренинзи, техники за работа со трауматизирани лица, правни пристапи насочени кон жртвите и координација меѓу институциите. Полицијата и здравствениот сектор биле главни целни групи, додека мултисекторските тимови ја продолжиле важната улога во превенцијата и заштитата

на жртвите. Родовата застапеност е поизразена кај жените, особено во социјалниот и здравствениот сектор.

Во двегодишниот период (2022 и 2023 година), вкупно 1,340 професионалци биле обучени за работа со жртви на трговија со луѓе. Од нив, 767 се жени (57.3%), додека 573 се мажи (42.7%), што покажува значајна родова застапеност на жените во оваа област. Во 2022 година забележан е повисок број на обучени лица (892), споредено со 2023 година (448). Обуките се насочени кон јакнење на мултисекторскиот пристап, но и кон специфични потреби на полицијата, здравствените работници, адвокатите, социјалните работници итн.

За индикаторот кој се однесува на потребниот број на вработени што треба да бидат оспособени за работа со жртви на трговија со луѓе согласно со СОП, не беше возможно да се утврди прецизна бројка. Преку интервјуа и фокус групи со претставници од релевантни институции беше посочено дека не можат да наведат конкретен број, но истакнаа дека е неопходна континуирана обука на вработените во клучните сектори. Претставниците од МВР нагласија потреба од обуки за млад кадар од одделенијата за превенција и сменоводители од локалната полиција, со цел подобра превенција, идентификација и упатување на случаи на трговија со луѓе. Од ЦСР и НМУ се укажа на потребата од обуки за примена на СОП и правата на жртвите особено за нововработениот кадар, за подобра поддршка и заштита на жртвите. Неопходноста од обуки за здравствени професионалци, како што се гинеколозите и тимовите за итна медицинска помош, за правилна идентификација и соодветен третман на жртвите. МОН потенцираше дека е потребна едукација за мултисекторска соработка, особено во идентификацијата и пријавувањето на случаи преку образовниот систем. Од ДИТ беше нагласена важноста на обуките за инспектори за идентификација на малолетници кои работат во неформалната економија, бидејќи тие често се изложени на ризик од експлоатација.

За индикаторот во однос на процент на деца потенцијални и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе со кои е воден разговор/интервју во просторија наменета за работа со деца, податоците се добиени преку интервјуа со ЦСР и МВР во кои е истакнато дека во повеќето градови постојат посебни простории за разговор со деца во рамки на ЦСР и/или МВР, кои активно се користат за сите случаи на деца жртви на ТЛ, каде полициските службеници и социјалните служби заедно ги водат разговорите и интервјуто со деца.

Понатаму во однос на индикаторот за бројот на барања од ГОи кон државните институции и служби за информации и поддршка на потенцијалните жртви на трговија, а за кои барања е испратен адекватен одговор во соодветен временски рок се искористија податоци од СОС линијата кои се прикажани и во областа идентификација.

Во 2022 и 2023 година, Отворена порта упатила вкупно 9 барања до државните институции и служби, како на пример МВР, ЦСР, НЕСКМТЛ, и мобилните тимови, во врска со информациите и поддршката за потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Барањата вклучувале информации за идентификување и заштита на жртвите, како и упатување на соодветни услуги (правна, психолошка, социјална и здравствена поддршка). Во 2022 година, пет барања беа упатени до овие институции, а во 2023 година, четири случаи беа поднесени. Во сите случаи институциите испратија адекватни одговори во предвидениот рок. Ова укажува на позитивна и навремена соработка помеѓу ГОи и државните институции, со цел заштита и поддршка на жртвите на трговија со луѓе.

Во однос на индикаторот за бројот на истраги на случаи на трговија со луѓе кои биле спроведени во соработка со други држави според годишниот извештај на МВР за 2022 во надлежност на Секторот за меѓународна полициска соработка, отворени се 1.887 предмети, без прецизирање во колкав број се однесуваат на трговија со луѓе. Според ТИП извештајот владата започнала заеднички истраги со хрватските и српските власти, им помогнала на босанските власти во екстрадицијата и споделила експертиза со косовските власти.

За 2023 година според годишниот извештај на МВР, започнати се 98 истраги за илегална миграција и трговија со луѓе во соработка со други држави. Дополнително според ТИП извештајот властите помогнале во две истраги преку посебната единица за Западен Балкан, соработувале со српските власти во истрага и одделно им помагале на хрватските, босанските и швајцарските власти за екстрадиции.

### Оперативниот тим

Оперативниот тим, формиран од Националната комисија за трговија со луѓе и илегална миграција, е наменет за официјална идентификација на жртви на трговија со луѓе и криумчарење на луѓе. Тимот го сочинуваат претставници од МТСП, МВР – Специјалното одделение за борба против насилство врз жени и семејно насилство, Јавното обвинителство и Отворена порта-Ла Страда како претставник на невладиниот сектор. Во 2022 година се одржаа две работилници за развој на процедури за операционализација на новоформираниот тим, како и два работни состаноци на тимот посветени на конкретни случаи на трговија со луѓе. Во 2023 година, тимот одржа четири работни состаноци во март, јуни, септември и октомври, фокусирани на решавање на специфични случаи.

## IX. Заклучоци

### Општи

- Недоволната соработка и/или неподготвеноста на некои институции да достават податоци создаваат значителен предизвик за следење и анализа на ситуацијата со трговијата со луѓе. Овој недостаток на информации ја ограничува можноста за добивање прецизен увид во обемот и природата на проблемот, како и за развој на ефективни стратегии за поддршка и заштита на жртвите.

- Институциите се соочуваат со недостаток на човечки и технички ресурси за ефективно прибирање, управување и користење на податоци. Во моментов не постои централизирана база на податоци за трговија со луѓе која би била достапна за користење, ниту е воспоставена соодветна институционална соработка за систематизација на собраните информации.

### Законска рамка и политика

- Во изминатиот период, донесени се значајни законски и подзаконски измени, како Законот за паричен надоместок на жртвите на криминал и дополнувањата на Кривичниот законик, кои го опфаќаат демнење и сексуалното вознемирување. Покрај тоа, изработени се нови акциски и оперативни планови, ревидирани стандарди за постапување со жртви на трговија со луѓе, и зајакната е институционалната соработка преку меморандуми и нови процедури за заштита и поддршка на жртвите.

- Во периодот 2022-2023 година не се преземени мерки за надминување на правните пречки кои го ограничуваат пристапот на жртвите на трговија со луѓе до бесплатна правна помош, здравствена заштита и програми за реинтеграција. Недостатокот на јасна законска регулатива, финансиски средства и технички капацитети продолжува да го спречува остварувањето на основните права и поддршката за жртвите.

### Идентификација

- Постојат значителни предизвици во идентификацијата и следењето на жртвите на трговија со луѓе. Индикаторите укажуваат на различни типови експлоатација, најчесто сексуална и трудова, а Гевгелија се издвојува како регион со најголем број идентификувани случаи на претпоставени жртви на трговија со луѓе. Во 2023 година се забележува намалување на вкупниот број на идентификувани жртви во споредба со 2022 година, но и понатаму има висок процент на деца и лица од ранливи групи. Достапноста на податоците варира, при што недостигаат информации од некои клучни извори како трудовите инспектори и МВР и ЈО.

- Дополнителни податоци се добиени од Националната комисија, мобилните тимови, Оперативниот тим и СОС линијата за помош при трговија со луѓе. Тие даваат податоци во однос на идентификувани ЖТЛ, потенцијални лица од ранливи категории и ранливи лица без ризик од трговија со луѓе. При тоа не е јасно во колкава мера Оперативниот тим ќе се смета за главен извор на податоци, кога на пример се работи за број на идентификувани жртви.

### Истрага и судска постапка

- Постои ограничен пристап до податоци за истрагите и судските постапки за случаи на трговија со луѓе, што влијае врз целокупната евалуација на ефикасноста на правосудниот систем во оваа област. Недостигот на податоци од релевантни институции, како што се МВР и ЈО, ја отежнува деталната анализа на индикаторите, особено во делот на соработката со жртвите и учеството на обвинителот во процесот.

- Во 2023 година најголемиот дел од процесирани одлуки за трговија со луѓе се казни затвор, а има и случаи на конфискација на имот. Во текот на двете анализирани години, немало нови случаи кои биле преквалификувани во дела поврзани со трговија со луѓе.

### Помош и поддршка

- Во 2023 година, има зголемување на средствата од државата за помош и поддршка на жртвите, но сѐ уште поголемиот дел од трошоците на ГО за помош и поддршка се финансирани од други извори и постои зависност од меѓународните донатори за одржливост на услугите и прифатилиштето.

- Отсуството на локално финансирање од општините за програмите за помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе претставува значајна бариера за обезбедување сеопфатна поддршка, реинтеграција и ресоцијализација на жртвите на трговија со луѓе на локално ниво.

- ЦСР обезбедиле помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе кои побарале соодветно сместување. Меѓутоа, само мал број од нив имале потреба да бидат сместени што се должи и на малиот број на официјално идентификувани жртви на трговија со луѓе.

- Психолошкото советување, кое е клучно во процесот на помош и поддршка и надминување на траумите, го добиле ограничен број на жртви. Ѝ самите жртви изјавуваат дека најмногу се зајакнуваат кога се сместени во Центарот за жртви на трговија за луѓе и добиваат континуирана поддршка.

- Постои недостаток на напредок во образованието и вработувањето на жртвите на трговија со луѓе три месеци по нивното идентификување. Иако биле вклучени во стручни обуки за време на престојот во Центарот за жртви на трговија со луѓе, по напуштањето на центарот не продолжиле со понатамошно стручно оспособување.

- Недостигот на доверба кај жртвите во дека нивната ситуација ќе биде разбрана значително го отежнува процесот на нивна помош и поддршка. Недоволната свест за нивните права и непознавањето на достапните ресурси дополнително ги комплицираат напорите за нивна рехабилитација.

- Иако жртвите на трговија со луѓе имаат пристап до бесплатни здравствени услуги за време на престојот во Центарот, по напуштањето на центарот се соочуваат со финансиски бариери при пристапот до здравствена заштита. Недостатокот на јасна комуникација и информираност за бесплатните здравствени услуги ги остава жртвите без неопходната поддршка.

## Заштита

- Во 2022 и 2023 година нема жртви на трговија со луѓе кои добиле правна помош во предистражна постапка и нема поднесени барања за бесплатна правна помош од жртви на трговија со луѓе до Министерството за правда.

- Во недостаток на одговор од ОЈОГОКК, од досегашното искуство на Отворена порта и направените анализи, најчесто жртвите на трговија со луѓе не доаѓаат во контакт со судија на претходна постапка и првиот исказ го даваат во просториите на ОЈОГОКК и немаат можност самите да побараат процесна заштита.

- Малиот број на поднесени барања за дозволи за престој на странски жртви на трговија со луѓе укажува на можни потенцијални бариери во однос на идентификацијата на странските жртви на трговија со луѓе.

- Повратните информации од жртвите на трговија со луѓе за заштита на нивниот идентитет и приватноста ја покажуваат посветеноста на институциите, организациите и медиумите да ги почитуваат достоинството, приватноста и правата на жртвите, како одраз на воспоставените протоколи и практики во обезбедувањето на нивната заштита.

- Иако не беа пријавени директни прекршувања на заштитата на идентитетот при медиумското покривање, сепак постои голема улога на медиумите во известувањето за случаи на странски лица, особено жени, и ризикот од погрешна идентификација или непризнавање како потенцијални жртви на трговија со луѓе.

## Обештетување

- Податоците покажуваат дека има мал број на жртви кои поднеле барање за обештетување, и повеќето од нив не добиле одлука за обештетување во рамките на кривичната постапка, туку биле упатени на граѓанска постапка.

- Податоци за просечна сума на обештетување која судот им ја доделувал на жртвите не се доставени.

- Податоците покажуваат дека програмата за обештетување од државни фондови има ограничена примена и ефективност. Иако програмата е активна, мал број на жртви се обештетени. Во 2023 година, исплатени се две обештетувања од државниот фонд со просечна сума од 707.833 денари по лице. Буџетот за програмата изнесувал 3.000.000 денари, што покажува дека искористеноста е ниска. Во 2022

година, не е исплатено обештетување на ниту една жртва.

### Институционална рамка и соработка

- Во 2022 и 2023 година значителен број професионалци биле обучени за работа со жртви на трговија со луѓе, што укажува на континуирани напори за јакнење на институционалните капацитети.

- Навремениот одговор на барањата од Отворена порта кон државните институции и служби за информации и поддршка на потенцијалните жртви на трговија укажува на позитивна и навремена соработка помеѓу Отворена порта и државните институции.

## X. Препораки

### Општи

- Да се воспостават унифицирани стандарди и протоколи за собирање и размена на податоци преку заеднички индикатори и дефиниции за собирање податоци, кои ќе ги користат сите институции и организации кои работат на борбата против трговијата со луѓе. Ова вклучува создавање на заеднички формати за податоци и редовни обуки. Целиот процес потребно е да биде воден од Националната комисија.

### Законска рамка и политика

- Да се воспостави јасна и сеопфатна законска рамка која ќе ги елиминира правните пречки за пристап на жртвите до бесплатна правна помош, здравствена заштита и програми за реинтеграција.

### Идентификација

- Да се воспостави централна координативна структура или орган кој ќе има јасно дефинирана улога и одговорност за собирање, верификација и систематизација на податоците од различни извори.

- Потребно е зајакнување на капацитетите за идентификација на трговија со луѓе, и развој на таргетирани програми за заштита на деца и други ранливи групи.

- Да се посвети поголемо внимание и напор во утврдување на елементите на кривично дело трговија со луѓе меѓу мигрантите, барателите на азил и непридружуваните деца, со цел да се здобијат со статус на жртва, односно да ја добијат потребната помош и поддршка како жртва на трговија во нашата земја и доколку експлоатацијата се случила во друга земја.

- Да се обезбеди одржливост на мобилните тимови како добра практика во проактивна идентификација и соработка помеѓу граѓанскиот сектор и институциите.

### Истрага и судска постапка

- Потребно е да се воспостават механизми за прибирање и споделување на податоци за истрагите и судските постапки за трговија со луѓе, со активно учество на МВР и ЈО, за да се овозможи детална анализа на индикаторите и евалуација на ефикасноста на правосудниот систем, особено во однос на соработката со жртвите и улогата на обвинителот.

### Помош и поддршка

- Потребно е државата да обезбеди одржливо финансирање за услугите за помош и поддршка на жртвите кои ги водат невладините организации, со цел да се намали зависноста од меѓународни донатори и да се овозможи одржливост на тие услуги, вклучително и за целосна финансиска одржливост на Центарот за привремено згрижување на жртвите на трговија со луѓе.

- Општините треба да преземат активна улога во финансирањето на програмите за помош, поддршка и реинтеграција на жртвите, со цел да се зајакнат локалните капацитети за поддршка.

- Да се обезбеди континуирано и достапно психолошко советување за сите жртви, со посебен акцент на жртвите надвор во Центарот за жртви на трговија со луѓе.

- Потребно е да се развијат и имплементираат долгорочни програми за стручно оспособување и вработување на жртвите на трговија со луѓе по нивното напуштање на Центарот за жртви, со цел да се обезбеди нивна успешна реинтеграција и учество во пазарот на труд

- Да се спроведат информативни кампањи и активности за јакнење на довербата на жртвите и подигање на нивната свест за правата и достапните ресурси.

- Потребно е да се обезбеди континуиран пристап до бесплатни здравствени услуги за жртвите на трговија со луѓе по нивното напуштање на Центарот за жртви, како и да се развијат ефективни механизми за информирање и комуникација за достапните здравствени ресурси, со цел да се намалат финансиските оптоварувања и да се осигура континуирана здравствена поддршка.

- Да се надминат бариерите и да се гарантира пристап до информации и поддршка за странските жртви на трговија со луѓе и жртвите со попреченост преку обезбедување на достапност на квалификувани преведувачи и комуникациски стратегии кои вклучуваат инвалидност.

## Заштита

- Потребно е да се осигура правна помош за жртвите на трговија со луѓе, со акцент на правата на жртвите за бесплатна правна помош во сите фази на постапката, вклучувајќи ја предистражната постапка.

- Треба да се обезбеди посилна врска и координација помеѓу судиите, обвинителите и организациите кои работат со жртви на трговија со луѓе, со цел жртвите да имаат непосреден пристап до процесна заштита и поддршка во сите фази на истрагата.

- Треба да се развијат стратегии за подобра идентификација и поддршка на странските жртви на трговија со луѓе, со цел да се зголеми бројот на поднесени барања за дозволи за престој и да се даде пристап до услуги.

## Обештетување

- Да се развијат стратегии за зголемување на бројот на жртви кои поднесуваат барање за обештетување, со обезбедување на соодветни информации и правна помош во сите фази на постапката, вклучувајќи ги кривичните и граѓанските постапки.

- Треба да се истражат причините за праксата поврзана со упатување на граѓанска постапка за обештетување и да се дадат насоки како да се унапреди.

- Треба да се истражат причините за ниската искористеност на програмата за обештетување од државни фондови и да се извршат измени во нејзината примена, со цел да се зголеми бројот на обештетени жртви.

## Институционална рамка и соработка

- Да се продолжи со јакнење на мултидисциплинарниот пристап преку заеднички обуки на полицијата, социјалните работници, здравствените професионалци и правниот сектор со цел поголема ефикасност во идентификацијата на жртвите и справувањето со трговијата со луѓе.

- Систематски и континуирани обуки во институциите, како и да се вклучат нови целни групи од институциите за зголемување на капацитетите и подобрување на квалитетот на помошта и поддршката.

- Да се подобри мултисекторската соработка и да се зголеми ефикасноста на идентификацијата и заштитата на жртвите преку подобро координирани и специјализирани обуки.

# X. Прилог

1. Правилник за начинот на спроведување и начинот на следење на привремените мерки за заштита.
2. Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризикот од закани по животот и физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвите и членовите на семејството на жртвата и ризикот од повторување на насилството, правилно управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртви на.
3. Правилник за начинот на извршување на итни мерки за забрана за итни случаи, отстранување на сторителот од дома и забрана за пристап кон домашни и привремени наредби.
4. Правилник за начинот на проценка на ризикот од сериозна закана по животот и по физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвата и членовите на семејството на жртвата и ризикот од повторување на насилството; Правилно управување со ризикот; Образецот на полицискиот извештај и Предлогот за изрекување на итни забрани – отстранување на сторителот од дома и забрана за пристап.
5. Правилник за начинот на извршување на привремената мерка задолжителен третман на сторителот во случај на употреба на алкохол, дрога и други психотропни супстанции или ментална болест (Службен весник бр.165/22 од 21.07.2022).
6. Правилник за содржината и начинот на собирање и водење на посебна евиденција во судовите за бројот на случаи на родово базирано насилство врз жени и жртви на семејно насилство врз основа на пол, пол, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово базирано насилство врз жени и семејно насилство (Службен весник бр.268/22 од 13.12.2022)
7. Правилник за содржината и начинот на собирање и водење на посебна евиденција во јавните обвинителства за бројот на случаи на родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејно насилство врз основа на пол, пол, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово базирано насилство врз жените и семејно насилство(Службен В. на Р.М. бр:267/2022 од 12.12.2022) и
8. Протокол за мултисекторска соработка.